Прилог бр.3	Предметна програма од прв циклус на студии				
1.	Наслов на наставниот предмет	**ПРОИЗВОДСТВО НА ОВОШЕН САДЕН МАТЕРИЈАЛ**			
2.	Код	**ФЗНХ 128**			
3.	Студиска програма	**Овоштарство, лозарство и винарство,**			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	**Факултет за земјоделски науки и храна-Скопје**			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	**Прв циклус студии**			
6.	Академска година/семестар	**Втора година / IV семестар**	7.	Број на ЕКТС кредити	**6**
8.	Наставник	Проф. д-р Марјан Кипријановски			
9.	Предуслови за запишување на предметот	Пожелни се предзнаења од биологија и екологија на овошните растенија			
10.	Цели на предметната програма (компетенции): Стекнување знаење за начините на размножување на овошните растенија, подлоги за позначајните континентални и некои суптропски овошни видови, технологија на производство на саден материјал од овошни растенија, специфичности во производството на саден материјал од поедини овошни култури				
11.	Содржина на предметната програма: Видови на саден материјал и материјал за размножување на овошни растенија. Организирање на овошен расадник. Уредување и подготовка на површината за расадник. Размножување на овошни растенија по генеративен пат. Размножување на овошни растенија по вегетативен пат на сопствен корен. Вегетативно				

	размножување на туг корен – калемење. Производство на питомки-калем гранки. Подлоги за поедини овошни видови. Алат и прибор за калемење. Начини и време на калемење. Подигнување и одгледување на растило. Вадење, класирање и пакување на садниот материјал. Производство на сертифициран саден материјал. Специфичности во производство на садници од јаболчести, коскести, јаткасти, јагодести и суптропски овошни видови. Теренска настава со посета на овошен расадник и запознавање со технологијата на производство на саден материјал од овошни растенија.					
12.	Методи на учење: Наставата ќе се реализира со теоретски предавања преку Power Point презентации, ќе се практикуваат и дискусии, изучување на практични случаи, студии на случај, изработка и презентација на семинарски задачи. Практичната настава ќе се реализира во лабораторијата за овоштарство, во факултетскиот овоштарник и на факултетските земјоделски површини преку групна и индивидуална практична работа на студентите.					
13.	Вкупен расположлив фонд на време		6 ЕКТС x 30 часови = 180 часови			
14.	Распределба на расположливото време		45+30+105 = 180 часови (15.1+15.2+16.1+16.2+16.3)			
15.	Форми на наставните активности	15.1	Предавања – теоретска настава	**45**	часови	
		15.2	Вежби (лабораториски, аудиториски, теренски), семинари, тимска работа	**30**	часови	
16.	Други форми на активности	16.1	Проектни задачи	**20**	часови	
		16.2	Самостојни задачи	**20**	часови	
		16.3	Домашно учење	**65**	часови	
17.	Начин на оценување					
	17.1	Тестови		**60**	бодови	
	17.2	Семинарска работа/проект (презентација: писмена и усна)		**10**	бодови	
	17.3	Активност и учество		**20**	бодови	
	17.4	Завршен испит		**10**		
18.	Критериуми за оценување (бодови/оценка)			**до 50 бода**	**5**	**(пет) (F)**
				од 51 бода до 60 бода	**6**	**(шест) (E)**
				од 61 бода до 70 бода	**7**	**(седум) (D)**
				од 71 бода до 80 бода	**8**	**(осум) (C)**
				од 81 бода до 90 бода	**9**	**(девет) (B)**
				од 91 бода до 100 бода	**10**	**(десет) (A)**
19.	Услов за потпис и полагање на завршен испит		За редовни студенти присуство на предавање и вежби			
20.	Јазик на кој се изведува наставата		Македонски			
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата		Анонимна анкета на студентите			
22.	Литература					

22.1 Задолжителна литература

Ред. број	**Автор**	**Наслов**	**Издавач**	**Година**
1.	Кипријановски М.	Производство на овошен саден материјал	Печатница Софија, Богданци	2017

22.2 Дополнителна литература

Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
1.	Hartman H., Kester D., Davies F.	Plant propagation, principles and practices (Fifth edition)	Prentice-Hall Inc. Englewood Cliffs, New Yersey, USA	1990
2.	Mišic P.	Podloge vocaka	Nolit, Beograd	1984